Република Македонија
**Државен архив на Република Македонија**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
БИРО ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ
СКОПЈЕ

| Примено: 19.07.2017 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 03 | 941/1 | 0 | |

Бр. 03-1987/1
Скопје 17.07.2017 год.

Државен архив на Република Македонија
Кеј Димитар Влахов 19
1000 Скопје
Република Македонија

Тел. (02) 3 115783
(02) 3 115734
Фах. (02) 3 165944
Сајт: www.arhiv.gov.mk
E-Mail: contact@arhiv.gov.mk

До : **БИРО ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ**

**Предмет:** Информација за јавните набавки на државните органи и јавните институции поврзани со архивскиот материјал

Почитувани,

Во текот на инспекциските и стручните надзори што ги спроведува Државниот архив кај државните органи и јавни институции добивме информации дека повеќе институции кои се иматели на јавен архивски и документарен материјал спроведуваат јавни набавки за чување на јавен архивски и документарен материјал во приватни архивски центри, што е спротивно на член 17 од Законот за архивски материјал (Службен весник на РМ, бр. 95/2012, 41/2014, 72/2015, 148/2015, 169/2015). Имено, според оваа одредба: "Јавниот архивски и документарен материјал е неотуѓив. Приватни правни и физички лица не смеат да собираат, стекнуваат, чуваат и поседуваат јавен архивски и документарен материјал".

Со цел да ја превенираме оваа состојба, би Ви биле благодарни во системот за јавни набавки да ја интегрирате информацијата за непостоење на законска основа за спроведување јавни набавки поврзани со чување на јавен архивски и документарен материјал во приватни архивски центри, со што јавните иматели уште во текот на самото аплицирање во системот за јавни набавки ќе бидат предупредени за непостоењето законска основа за спроведување на ваков вид јавни набавки.

Ви стоиме на располагање за дополнителни информации во врска со оваа иницијатива.

Со почит.

ДИРЕКТОР

Кирил Петров

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ДРЖАВЕН АРХИВ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ

[1] 03-941/1 [2017]